СООПШТЕНИЕ

**Меѓународно признание за особен придонес во промоцијата на претприемништвото**

## Иво Лауренчиќ постхумно прогласен за креатор за навек во регионот

Скопје, 25.03.2019 – Основоположникот на современата македонска креативна и маркетинг индустрија - Иво Лауренчиќ, постхумно е добитник на специјалното признание „Креатори за столетијата“ за особен придонес во промоцијата на претприемништвото во Централна и Југоисточна Европа.

Престижната награда која ја добиваат најзаслужните за развојот на претприемништвото беше доделена во рамките на Самитот на претприемачите од регионот - „300 Најдобри“, што изминатиот викенд се одржа во Дубровник, Република Хрватска.

За доделувањето на наградата одлучува меѓународен комитет од 13 членови, составен од независни експерти од областа на економијата, менаџментот, маркетингот и претприемништвото од: Хрватска, Словенија, Србија, БиХ, Македонија, Германија, Австрија и Швајцарија. Процесот на селекција на добитниците на награди и признанија трае 20 месеци.

Иво Лауренчиќ е еден од најпознатите експерти за маркетинг комуникации во регионот. Роден е во Шибеник, а целиот свој живот го помина во Белград и Скопје. Добитник е на две награди за животно дело, една во Србија во 2004 година од „Здружението на економските пропагандисти“, основано во 1960 година, и една во Македонија во 2011-та. Во текот на својата богата професионална кариера создаде над 300 комуникациски проекти и над 400 видеоформи во филмската и креативната индустрија, како и креативни и макретинг кампањи за некои од најпознатите домашни и светски брендови и компании. Меѓу останатите проекти, Лауренчиќ е креатор и на првиот промотивен филм за туристичките потенцијали на земјата - „Ден во Македонија“, како и на серијалот од 1.060 емисии „Говорете македонски“. Беше и креатор и реализатор на кампањата за промоција и зачувување на македонското кирилично писмо „Додека пишувам на кирилица постојам“, а воедно со неговиот потпис беа и првите професионални политички кампањи во Македонија и регионот. Искуствата од политичкиот маркетинг, заедно со неговиот тим на соработници, го преточи во книгата „Потрага по глас“, преведна на српски и македонски јазик, со каталогизација во конгресната библиотека во Вашинтон. Сакајќи да ги поттикне и другите уметници и креативци да создаваат свои сопствени дела ја режираше култната театарска претстава „Кутрите мали хрчки“, како и серијата „Од денес за утре“ која се емитуваше во Македонија во 16 епизоди. Основач е и на првата макертинг-агенција во независна Македонија „Идеа Плус“.

Во негова чест, во 2014-та година е формирано „Движењето за поддршка на креативноста Иво Лауренчиќ – „Браво сине!“, чија цел е поттикнување и поддршка на талентот и креативноста кај младите во функција на создавање силни национални брендови, што претставуваше и една од неговите основни животни мисии.